# ЗАКОН
## за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија

### Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 72/03), називот на законот се менува и гласи:
"Закон за гаранција на Република Македонија по Финансискиот договор за заем склучен меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија и Амандманот број 1 кон Финансискиот договор за заем што ќе се склучи помеѓу Европската инвестициона банка и Оператор на електропреносен систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (АД МЕПСО) ".

### Член 2

Членот 1 се менува и гласи:
"Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Финансискиот договор за заем за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија склучен помеѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д, во износ од 13 милиони ЕВРА, како и по Амандманот број 1 кон Финансискиот договор за заем, што ќе се склучи помеѓу Европската инвестициона банка и Оператор на електропреносен систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (АД МЕПСО) ".

### Член 3

Во член 2 зборовите: "ќе бидат" се заменуваат со зборот "се".

### Член 4

Во членовите 3, 4 и 5, зборовите: "Електростопанство на Македонија А.Д." се заменуваат со зборовите: "Оператор на електропреносен систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (АД МЕПСО) ".

### Член 5

Министерството за финансии и АД МЕПСО ќе склучат договор со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски врз основа на издадената гаранција кон Европска инвестициона банка од членот 2 на овој закон.

### Член 6

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".